CIVICA MOBILITAS

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС

МАЛИ ГРАНТОВИ I ДЕЛ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ГРАНТИСТИТЕ НА ЦИВИКА МОБИЛИТАС: МАЛИ ГРАНТОВИ I

Издавач
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

За издавачот
Александар Кржаловски, в.д. директор

Автори
Гонце Јаковлеска и Кристина Весиќ

Подготовка и дизајн
Борис Ристовски

https://civicamobilitas.mk
https://facebook.com/civicamobilitas

Благодарност

Им благодариме на одговорните и тимовите во организациите кои ги спроведоа овие мали акциски грантови и ги подготвија извештаите кои беа основа за создавање на секоја од приказните: Здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка АЛ-МА; Багер Генезис 2.0 Струга; Здружение за зачувување на природните и културните вредности „Базилика“; Здружение за едукација, еманципација и остварување на правата на жените „Биди храбра“; Центар за стратегиски истражувања и анализи, Битола; Дијалог – Центар за делиберативна демократија; Дневен центар „Доза среќа“, Скопје; Здружение за заштита и унапредување на животната средина „Еко логик“; Фајнанс Тинк; Здружение за социјален и економски развој „Ин Виво“; Здружение на граѓани „Легис“, Скопје; Центар за социјални иницијативи „Надеж“; Нексус-граѓански концепт, Скопје; Здружение за развој и унапредување на ромската заедница „Романо Чачипе“; Здружение на економисти, статистичари и econometричари „Сигма стат“, Скопје; Слободен софтвер Македонија; Здружение „Еко правда“, Валандово; Здружение за еднакви можности „Мрежа Стела“; Центар за информативна и логистичка поддршка на граѓаните „Нов контакт“, Скопје; Центар за истражување и анализи „Новус“, Струмица; „Праведни и професионални“; Регионален центар за одржлив развој – Кратово..

Македонски центар за меѓународна соработка

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.

Текстовите објавени во оваа публикација ги изразуваат погледите на авторките и/или организациите кои придонесоа кон нив, но не оние на Амбасадата на Швајцарија/Швајцарската агенција за развој и соработка или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.

МАЛИ ГРАНТОВИ ЗА ГОЛЕМИ ПРЕДИЗВИЦИ

Некој може да стекне погрешен впечаток кога ќе го слушне називот „Мали акциски грантови“ затоа што може да помисли дека резултатите од нив, како што кажува називот, се мали. Сепак, мнозина кои го спроведувале, а особено оние на кои им биле наменети можат да потврдат дека резултатите од малите акциски грантови на Цивика мобилитас, воопшто не се мали. Името го добиле заради висината на буџетот, ама ефектите од нив нудат поинаква приказна.

Со оваа публикација ги раскажуваме приказните на 22 граѓански организации кои побарале и добиле грант од Цивика мобилитас за да им излезат во пресрет на потребите на нивните конституенти. Се зафатиле со решавање на различни, но сериозни проблеми како што е реинтеграцијата на бездомните лица во општеството, економското јакнење на девојките и жените од руралните средини, пристапот кон мигрантите, независниот живот на лицата со Даунов синдром итн. Висината на буџетот не била пречка да отворат прашања кои сите ги засегаат како што е иселувањето, младите и нивните навики за волонтирање, различностите и влијанието на животот на децата, културата за возење велосипед па дури и евидентирањето на државниот имот и урбанистичкото планирање.

Иако овие 22 приказни се за постигнувањата на грантистите на Цивика мобилитас, тие не се завршени. Некои од прашањата кои ги отворија се големи и тешки како планина. Иако чекорите кои ги направија овие граѓански организации се сериозни, свесни сме дека не е готово. Сепак, веруваме дека досега направеното ќе биде инспирација за сите нас, да продолжиме заедно да ги правиме општествените промени.

АЛ-МА	БАГЕР ГЕНЕЗИС 2.0 СТРУГА	БАЗИЛИКА
БИДИ ХРАБРА	ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ	ДИЈАЛОГ ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА
ДНЕВЕН ЦЕНТАР ДОЗА СРЕЌА	ЕКО ЛОГИК	ФАЈНАНС ТИНК
ИН ВИВО	ЛЕГИС	НАДЕЖ
НЕКСУС	РОМАНО ЧАЧИПЕ	СИГМА СТАТ
СЛОБОДЕН СОФТВЕР МАКЕДОНИЈА	ЕКО ПРАВДА	МРЕЖА СТЕЛА
НОВ КОНТАКТ	НОВУС	ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ
	РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ	

„Цивика мобилитас е програма на Швајцарската амбасада за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И МЕЃУЕТНИЧКА СОРАБОТКА АЛ-МА

РАЗЛИЧНОСТИТЕ НЕ СЕ ПРЕЧКА ЗА ДРУЖЕЊЕ

1 декември – 30 јуни 2020 г.

290.000 МКД

Театарска претстава „Сите деца зборуваат ист јазик“ во која учествуваа 60 деца од македонска и албанска националност

58 деца беа дел од ликовна колонија „Сите сме исти – да ги покажеме нашите таленти

120 деца се вклучија во 4 акции за чистење на животната средина

3 работилници на тема: „Да ја запознаеме културата на нашите сограѓани“ со вкупно 100 ученици

„Различностите не се пречка за дружење“ ова го потврдуваат учениците од основните училишта Наим Фрашари и Кузман Шапкарев во Студеничани и Драчево. Со истоименот проект, здружението АЛ-МА успеа да ги зближи учениците преку работа на полето на уметностите и културата. Целта беше да се зголеми свеста за различностите на нивните другарчиња.

„Преку едукација и игри со децата од главните училишта во Студеничани и Драчево се обидовме да ги отстраниме сереотипите и стравот на едната од другата етничка заедница и со тоа да придонесеме во отстранување на конфликтите кои во иднина има можност да се појават меѓу овие деца од двете етнички заедници“, посочуваат од АЛ-МА.

Одржани беа три работилници на кои децата се запознаа со културата на нивните соученици и дискутираа за омилените книги на македонски и албански јазик. Реализирана беше театарска претстава за современите општествени и културни активности кои се во интерес на децата и тинејџерите и ликовна колонија на која учествуваа вкупно 58 ученици. Преку креирање уметнички дела децата покажаа што научиле за културата на нивните другарчиња.

Со оваа акција беше подигната и свеста за животната средина и грижата за неа. Поттикнувањето на еколошката свест се спроведе преку четири акции за чистење на училишните доворови и програми за примарно селектирање на отпадот во училиштата и домовите. Заедно со учениците, раководството на училиштата, наставниците и родителите активно учествуваа во спроведување на активностите.

„Овој проект уште еднаш ни потврди дека во овие општини има потреба од активности за доближување на различните култури меѓу децата кои живеат толку блиску едни до други, а сепак се далеку. Всушност блискиот контакт помеѓу учениците од различни етнички заедници придонесе кон запознавање и почитување на различностите, но и создавање нови пријателства“, велат од АЛ-МА.

БАГЕР ГЕНЕЗИС 2.0 СТРУГА

ГРАЃАНИТЕ НА НАШИОТ ГРАД, ГЛАВНИ АКТЕРИ ИЛИ НЕМИ СТАТИСТИ

1 август – 31 декември 2020 г.

320.000 МКД

11 дневна работилница за документарни филмови и обука за графички дизајн

4 изработени креативни документарни филмови и промотивни постери

130 посетители на промоцијата на документарните филмови

30 граѓани присуствуваа на јавна дискусија на тема „Крајбрежје без дивоградби“

Дивоградбите се проблем на граѓаните во општина Струга подолго време. Граѓанските организации работат на оваа тема, но клучниот фактор – граѓаните немо ја набљудуваат ситуацијата, а младите, воопшто не се сметаат за засегнати од неа. Инспирирани од оваа ситуација членовите на здружението Багер Генезис 2.0 од Струга го создадоа проектот „Граѓаните на нашиот град, главни актери или неми статисти“ со цел зголемување на свесноста и критичкото размислување кај младите лица за недостатоците во општеството во кое живеат.

Акцијата ја разбуди креативноста кај вкупно 30 млади лица кои беа дел од работилница за филм и изработка на креативни документарни филмови, како и обука за графички дизајн и изработка на креативни постери. Беа изработени четири документарни филмови и промотивни постери за општествените проблеми во Струга. Благодарение на остварената соработка на здружението со ЈП Комунално Струга, во документарецот за комуналната чистота во градот и одговорноста на граѓаните учество земаа и вработени во јавното претпријатие. Преку кратките филмови граѓаните беа поттикнати да размислуваат за својата одговорност во општествените процеси и за носењето одлуки во интерес на сите.

„Младите кои беа дел од активностите станаа свесни дека преку креативно изразување може да адресираат проблеми кои ги измачуваат како граѓани на општина Струга. На овој начин да предизвикаат поголема видливост, а потоа и промени“, посочуваат од Багер Генезис 2.0.

Одржана беше и јавна дискусија за крајбрежје без дивоградби на која присуствуваа 30 граѓани. За време на дискусијата беше презентирано и идејно решение за еден потег од крајбрежјето, изработено од младиот архитект Јордан Лазороски.

„Дивоградбите, дивите угостителски локали, безредието на струшкиот дел од крајбрежјето на Охридското Езеро е проблем кој не засега сите. Драго ни е што преку овие активности младите луѓе од Струга станаа дел од критичната маса која се надеваме дека ќе продолжи да биде гласна и да носи промени во општеството“, велат од Багер Генезис 2.0.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ БАЗИЛИКА

ПОДАРОЦИ – ПОТКУП ИЛИ ВНИМАНИЕ?

13 мај – 13 декември 2020 г.

360.000 МКД

Актуелизирање на темата за примање/давање подароци кај јавните службеници за извршување на работните обврски

Спроведување истражување на знаењето на граѓаните за примање/давање на подароци и за нивото на толеранцијата кон оваа појава како облик на корупција

Информирање на граѓаните за оваа форма на дејствување како облик на корупција

Обезбедување препораки за сузбивање на оваа појава кај јавните службеници и граѓаните

Една од вкоренетите навики на однесување на граѓаните на нашата земја е давањето/примањето ситни подароци кои се сметаат за начин на благодарност за услугата која јавните службеници им ја обезбедуваат, работа за која тие веќе добиваат надомест во вид на плата. Здружението Базилика се занимаваше со оваа проблематика и преку проектот „Подароци – поткуп или внимание“ ги обработи и анализира бројните одредби во законите и подзаконските акти кои упатуваат на недозволивоста на примањето подароци. Воедно, тие ја актуелизираа оваа тема особено кај јавните службеници.

Беше спроведено и истражување за знаењето на граѓаните за примање/давање на подароци и колкава е толеранцијата кон оваа појава како облик на корупција. Резултатите покажуваат дека во нашата земја одбивањето на подарок од страна на службеното лице, се уште се доживува како навреда, бидејќи на дарувањето се гледа како невин гест без задна намера. Соочен со оваа состојба тимот на Базилика започна со едукација на јавните службеници и јакнење на свеста, знаењето и разбирањето на граѓаните за благодарност изразена во подароци.

„Од особена важност е што граѓаните на Република Северна Македонија директно и вработените во јавната служба индиректно станаа свесни за законитоста односно незаконитоста од давање и примање подароци како форма на корупција. Тоа ќе послужи во идните акции на одбивање на дејствувања од таков вид“, велат од Базилика.

Акцијата послужи и за интерно регулирање на ова прашање во јавните институции преку препораки и воспоставување на внатрешни протоколи и процедури на самите јавни службеници во јакнење на личниот интегритет демонстриран преку идното постапување. Од друга страна, се подигна свеста кај граѓаните за давањето подароци како форма на корупција.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА, ЕМАНЦИПАЦИЈА И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ „БИДИ ХРАБРА“

ПОДГОТВЕНИ ДА ГИ УЧИМЕ ДЕЦАТА НА СОЖИВОТ

22 април – 22 јули 2020 г.

320.000 МКД

56 работилници на 6 теми: булинг, соживот, ненасилство, другарство, кариерно советување и спречување насилство

10 работилници по 35 ученици на тема: „Булинг што е тоа?“

8 онлајн работилници по 30 ученици на тема: „Кажи не на насилството“ и 7 онлајн работилници на тема „Кога ќе пораснам сакам да бидам“

3 работилници по 30 ученици на темите: (12) „Соживот се учи од најрана возраст“, (7) „Гласно против насилството“, (12) „Сите можеме да бидеме другари“

Онлајн и офлајн булинг, физичко малтретирање, навредување, недолични дофрлувања и сеење страв од други ученици се секојдневие на многу деца во училиштата. Што можеме да направиме за подигање на свеста за рана детекција на булинг и превенција? На ова прашање работеа од здружението Биди храбра во рамки на проектот „Подготвени да ги учиме децата на соживот“.

„Не смее да се дозволи да врие од петки во дневниците, а од тупаници на улиците. Вниманието го насочивме на училиштата во Општина Бутел. Станува збор за мултиетничка општина каде во последно време се случуваат немили настани меѓу овие групи деца“, посочуваат од здружението.

Преку 56 работилници на шест различни теми поврзани со булинг, соживот, емпатија, ненасилство, другарство итн. со учениците, нивните родители и професорите од училиштата во општина Бутел се работеше на подигање на свеста за борба со меѓуврсничкото насилство. На работилниците во улога на предавачи беа доктори на науки, успешни педагози и психолози.

„Отворен однос на наставник и родител е систем кој успеавме да го воспоставиме за време на активностите. Овој тип на комуникација ќе им овозможи на наставниците и родителите да препознаат дете кое страда од булинг и најсоодветно да реагираат во училиште и дома. Преку работилниците тие се стекнаа со соодветни вештини за постапување во ситуации на врсничко насилство“, појаснуваат од Биди храбра.

Едукација на децата за прифаќање на различностите кај другарите, охрабрување да зборуваат јавно за непријатните случки и подигање на свеста кај родителите и професорите за поттикнување на соживот помеѓу учениците, како и кариерно советување на учениците се главните резултати од оваа акција.

„Децата треба да станат свесни дека ненасилството ќе обезбеди подобра иднина за сите. Преку активностите се подобрија односите помеѓу учениците, а со позитивни примери им беа посочени начини на справување со оваа состојба на родителите и професорите “, велат од здружението.

ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ - БИТОЛА

ПЛАТФОРМА ЗА ГРАЃАНСКИ МОНИТОРИНГ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ АГЕНЦИИ

10 мај – 10 јули 2020 г.

309.700 МКД

Вкупно 16 учесници на две обуки за граѓански мониторинг на безбедносните агенции

Конференција со 15 претставници од безбедносните агенции во државата и граѓанскиот сектор

Воспоставена онлајн платформа (nadzor.mk) за публикување анализи, истражувања, извештаи

Соработка на ГО со сите пет безбедносни агенции во државата и факултетите за безбедност во државата



Христијан Ристески

Механизмот за граѓанска контрола од страна на народниот правобранител врз полицијата

Во демократијата, работата на безбедносните агенции мора да се темели на јавна...

Менде Моцаноски

Граѓанска конт над работата н безбедносниот во Република С Македонија

Граѓанската конт безбедносниот с секогаш „двонас улица“, со...

Зголемување на отчетното работење на безбедносните институции во државата преку мониторинг од страна на граѓанските организации паралелно со цивилниот надзор кои заеднички придонесуваат кон поширока безбедност и демократија во општеството. На оваа тема работеше Центарот за стратегиски истражувања и анализи (ЦСИА) преку проектот Платформа за граѓански мониторин на безбедносните агенции, поддржан од Цивика мобилитас.

Акцијата придонесе кон зголемено разбирање и вештини кај ГО на теми поврзани со модерниот безбедносен екосистем. Ова беше овозможено преку две обуки на кои учествуваа 16 претставници на граѓанските организации и тековни состаноци на кои беа дефинирани безбедносните теми кои се од интерес за општеството и како може да се делува. Одржана беше и конференција за вклученоста на здруженијата при создавање на т.н. Блупринт, документ за надзор на безбедносните институции. Учествуваа вкупно 15 претставници на граѓанските организации и безбедносните агенции. Дополнително, се создаде и онлајн платформа (nadzor.mk) за публикување анализи, истражувања, извештаи, мислења, ставови, препораки за работењето на безбедносните институции која продолжува со работа и по завршувањето на проектот. Платформата е во насока на зголемување на отчетноста и транспарентноста на безбедносните институции.

„Како добра практика при спроведување на проектот се смета и соработката со безбедносните агенции кои по дефиниција се затворени и недостапни за јавноста и граѓанските организации, и за поздравување е нивното учество во оваа акција. На овој начин ќе се зајакне улогата на невладиниот сектор како набљудувач и коректор на целокупниот демократски процес во земјата“, велат од ЦСИА.

Во активностите учествуваа повеќе од дваесет граѓански организации, сите пет безбедносни агенции во државата (МВР, Агенција за разузнавање, АНБ, ОТА, Царина), како и факултетите за безбедност во државата (Факултетот за безбедност, Институтот за безбедност, одбрана и мир, Правен факултет Битола).

ДИЈАЛОГ ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

ИСПРАЗНЕТО ГНЕЗДО

1 август – 31 декември 2020 г.

323.926 МКД

Направено истражување за причините за масовно иселување од РСМ во кое учествуваа 915 иселеници од 43 земји

Одржан еднодневен семинар со 30 учесници на тема: „Начини за вклученост на граѓаните во креирањето јавни политики на локално ниво“

Информирани граѓани за начините на директна вклученост во креирање јавни политики на локално ниво

Изложба/инсталација на силуети (иселеници) на три јавни локации во Прилеп

Лошата економска состојба, немањето услови за кариерен развој и неповолната политичка клима, се само дел од состојбите кои придонесуваат за масовно иселување од државата. Граѓаните решаваат да заминат од родното место за подобрен економско-социјален статус, поветувачка иднина и повеќе можности за семејството, а најчесто крајната дестинација се развиените европски градови. Ова го покажаа резултатите од истражувањето на здружението Дијалог кое опфати915 иселеници во 43 земји а беше спроведено преку проектот „Испразнето гнездо“.

„Овој проект директно влијаеше за подигнување на свеста за проблемот со масовно иселување од државата кајмакедонските иселеници, граѓаните на Прилеп и РС Македонија, младите, жените и малцинските заедници. Масовното иселување од државата беше разгледано и низ призмата на слаба граѓанска вклученост во менувањето на јавните политики, како суштествена алатка за борба против оваа состојба“, велат од Дијалог.

Граѓаните на општина Прилеп се информираа и едуцираа за начините на нивна директна вклученост во креирањето на јавни политики на локално ниво, преку еднодневен семинар одржан на оваа тема на кој имаше 30 учесници. Проблемот со иселувањето од државата на граѓаните им беше доближен и преку уметничка изложба/инсталација на силуети на три локации во Прилеп, како и промотивно видео за актуелизирање на ова прашање.

За време на спроведување на акцијата, здружението Дијалог остварија соработка со Конект и Здружение Станица П.Е.Т..

ДНЕВЕН ЦЕНТАР ДОЗА СРЕЌА – СКОПЈЕ

ТРАНЗИЦИЈА КОН НЕЗАВИСЕН ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ДАУНОВ СИНДРОМ

29 ное. 2019 г. – 30 сеп. 2020 г.

306.305 МКД

Логопетски третмани и подобрување на секое ниво од јазично говорниот развој кај лицата со Даунов синдром

Работилница за животни вештини за совладување и самостојно извршување на основните секојдневни обврски

Подобрена моторика, координација, баланс, издржливост, справување со материјата вода и нејзино совладување како постигнувања на лицата со Даунов синдром

Подобрување на секојдневниот живот и функционирање во општеството, но пред сè поголема самодоверба кај лицата со Даунов синдром е резултатот постигнат со акцијата „Транзиција кон независен живот на лицата со Даунов синдром“.

„Со оваа акција и постигнатите резултати испраќаме јасна порака дека ако им се даде можност на овие лица и се создадат услови за работа со нив само небото им е граница“, велат од здружението „Дневен центар доза среќа“, спроведувачи на проектот.

Лицата со Даунов синдром беа вклучени во индивидуални и групни третмани кои се спроведуваа со физичко присуство или онлајн. Преку активностите имаа можност да работат со тренер, логопед на македонски и албански јазик и да учат за животни вештини преку обезбедените работилници. Активностите придонесоа за подобра моторика, комуникациски вештини и зголемена желба за самостојно извршување на секојдневните обврски кај лицата со Даунов синдром. Логопедските третмани предизвикаа подобрување на рецептивниот говор, зголемено внимание и концентрација, невербална комуникација, артикулација и корекција на одредени гласови и сл. Преку работилниците за животни вештини секој корисник ги научи и совлада секојдневните обврски во домот со фокус на работа во кујна. Вежбите со тренер бележат подобрување на целокупната физичка подготвеност кај лицата со Даунов синдром, секој во рамки на можностите. Подобрена координација, баланс, издржливост, справување со материјата вода и нејзино совладување се дел од резултатите. Физичката подготвеност е од големо значење за подобрување на секојдневниот живот и функционирање во општеството.

„Програмата за работа беше специфично изработена за оваа група на граѓани. Со леснотија ги совладуваа зададените задачи и уживаа во извршување на истите. Со своите резултати ги надминаа нашите очекувања. Всушност, подобрената психо-физичка состојба кај нив придонесе кон подобро здравје што беше клучно за да се издржи пандемиското време“, потенцираат од здружението.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА „ЕКО ЛОГИК“

ВЕЛО ПОЛИГОН

15 ное. 2019 г. - 15 окт. 2020 г.

315.995 МКД

Унапреден и зголемен Вело Полигон

Вело полигон достапен на повеќе од 147 основни училишта и над 29 општини во државата

„Вело твистер“, едукативна игра за едукација на најмладите за различни видови на велосипеди на спортско-рекреативен начин

Подобрени велосипедски вештини на илјадници деца учесници во Вело родео настаните

Безбедност во сообраќајот, одговорно однесување преку почитување на сообраќајни знаци и правила е должност на секој учесник во сообраќајот. Сообраќајната етика кај децата најдобро се всадува од мали нозе, според Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко Логик“.

„Го создадовме „Вело полигон“ затоа што сфативме дека голем број деца во Македонија немаат основни велосипедски вештини и знаења. Неговата цел е на безбеден начин да ги совладаат тие вештини и да ги применуваат без разлика каков тип возење велосипед е во прашање“, велат од здружението. Покрај „Вело полигонот“, тие ја создадоа и едукативната игра „Вело твистер“. На спортско-рекреативен начин преку игра најмладите се едуцираа за различни видови на велосипеди. Со активното возење на полигонот и едукативните игри, децата ги унапредија своите велосипедски вештини, се едуцираа за основите на велосипедизмот, климатските промени и заштита на животната средина. Додадена вредност на овие активности е стимулирањето да се користи велосипедот како превозно средство. Покрај децата, со оваа акција своите знаења ги унапредија и родителите, младите, наставниците и пошироктата јавност.

„Вело полигонот“ е срцето на препознатливите Вело Родео настани кои се спроведуваат низ целата држава. Пробиштип, Демир Капија и Пехчево беа општините во кои за прв пат беше организиран и во кои активно го користат повеќе од 500 деца. Со програмата Вело училишта, тој е достапен на повеќе од 147 основни училишта во над 29 општини во државава.

„Организирањето на ваков вид на активности, ја зголемува информираноста и знаењето на децата за велосипедот како секојдневно превозно средство. Унапреденото знаење, вештини, како и зголемената свест пред се на децата, нивните родители, а преку нив и на пошироката јавност директно влијае за подобра и поквалитетна животна средина“, дополнуваат од Еко Логик.

ФАЈНАНС ТИНК (FINANCE THINK)

ОЦЕНКА НА РАЗВОЈНИТЕ И БУЏЕТСКИТЕ ЕФЕКТИ НА ИЗБОРНИТЕ ПРОГРАМИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО МАКЕДОНИЈА

1 мај – 30 септември 2020 г.

328.945 МКД

Отстранување на популистичките и нереални економски ветувања, и нивно прилагодување со реалните можности на економијата

Подобрување на економските и социјалните политики во земјава

Објавена публикацијата „Може ли економијата да ги издржи економските предизборни ветувања?“ со резултати од економската симулацијата на политичките програм

Активна соработка со политичките партии во земјава, што учествуваа на Парламентарните избори 2020 година

Политичките партии при составување на изборните програми се соочуваат со немање механизам за оценка на ефектите од предложените политики и мерки или земено обратно, немаат механизам за оценка на изводливоста на ветените резултати. Воочувајќи го овој проблем Институтот за економски истражувања и политики – Finance Think го создаде проектот „Оценка на развојните и буџетските ефекти на изборните програми (економски делови) на политичките партии во Северна Македонија“.

„Отстранувањето на популистичките и нереални економски ветувања и нивно соочување со реалните можности на економијата, е најклучното достигнување на овој проект“, велат од Finance Think.

Резултатот е постигнат преку модел за симулација на економските делови од програмите на политичките партии кои учествуваа на Парламентарните избори 2020 година, што се покажа како успешен начин за дизајн на економски програми согласно реалните можности на економијата. При спроведување на активностите конструктивна соработка беше остварена со две политички партии, СДСМ и Алијанса на Албанците, кои учествуваа во активностите во насока на формулирање на нивните економски изборни програми согласно наодите од проектот.

„Со евалуација базирана на докази, испитавме во која мера економските политики што ги предлагаа политичките партии во нивните изборни програми се во склад со реалната економија, и издејствувавме едно од главните ветувања на владејачката партија, за пораст на минималната и просечната плата во тек на новиот четиригодишен мандат, да се порамни со реалниот раст на домашната економија, со што се креира реална економска политики базирана на докази и водена од податоци“, додаваат од Finance Think.

Од институтот сметаат дека преку публикацијата „Може ли економијата да ги издржи економските предизборни ветувања?“ експертската заедница и јавноста доби појасна слика за границите на економските политики, па оттука и подобро усогласени очекувања со реалноста.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ИН ВИВО

ЈОДА (YODA)

1 јули – 30 септември 2020 г.

310.927 МКД

11 бездомни лица реинтегрирани и ресоцијализирани во општеството

Спроведени 8 едукативни сесии, 4 теоретски и 4 практични обуки

7 лица се целосно обучени за производство на биохумус

Формирана целосно нова леа за производство на биохумус

„Имаме локални позитивни примери на бездомни лица кои успешно го поминаа процесот до нивна целосна реинтеграција во општеството, постигнување на кое сме посебно горди“, велат од Здружението за социјален и економски развој – Ин Виво.

Благодарение на проектот „Yoda“ во период од три месеци единаесет бездомни лица од Скопскиот регион добија втора шанса за започнување „нов“ живот. Учесниците во акцијата беа дел од осум едукативни сесии за успешна (ре)социјализација и работно-оспособување. Теоретските и практични работилници беа одлична можност да се подигне свеста од потребата за промени, но и да се стекнат со предзнаења за јавно говорништво и производство на био-хумус.

Процес кој истовремено ги мотивираше да истраат во нивните напори за реинтеграција до степен на само-одржливост. Седум од вкупно единаесет учесници се целосно обучени за производство на биохумус, додека двајца од нив се прогласени за Јоди и им е дадена можност целосно да се вклучат во активностите на Здружението. Како резултат на совладаните нови вештини формирана е целосно нова леа за производство на биохумус.

„Со оваа акција покрај тоа што го променивме животот на бездомните лица, понудивме и алтернативен пристап за одржлива реинтеграција на овие граѓани. Може да кажеме дека севкупната стручна јавност која работи со ресоцијализација на маргинализирани лица многу добро ја прифати нашата идеја за понатамошна примена“, додаваат од Ин Виво.

Концептот и успехот на проектот беше промовиран на завршен настан на кој присуствуваа 60 гости од повеќе сфери на општественото живеење. Сепак најголемото достигнување е промената на животите на единаесет луѓе, кои пред YODA го носеа статусот „бездомници“.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЛЕГИС СКОПЈЕ

СЛЕДЕЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА БЕГАЛЦИТЕ И МИГРАНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1 јуни – 30 ноември 2020 г.

330.000 МКД

Подобрени на условите и пристапот до човекови права и заштита за бегалци и мигранти во погранични транзитни центри

Редовно обезбедување заштитни ракавици, маски и средства за хигиена во пограничните транзитни центри

4 наративни и статистички извештаи и 5 месечни извештаи за состојбата во пограничните кампови

Подигната јавна и институционална свест за проблемите во пристапот до човекови права и заштита со кои се соочуваат бегалците и мигрантите во РСМ

Здружението на граѓани ЛЕГИС во двата погранични транзитни центри, Табановце – Куманово и Виноју̀г - Гевгелија, го следеше пристапот до права и заштита на бегалците и мигрантите во нашата земја, во рамки на акцијата поддржана од Цивика мобилитас.

Во услови на пандемија ЛЕГИС беше единствената локална организација со присутни теренски работници во транзитните центри. Од терен дневно собираа информации и податоци во форма на прашалници преку кои освен родова, национална, етничка, религиозна и/или друга припадност, го следеа и пристапот до човекови права на бегалците и мигранти во пограничните кампови. Дневните информации беа анализирани на неделно и месечно ниво од страна на надворешен консултант за миграции и хуманитарно право по што се објавија 4 наративни и статистички извештаи и 5 месечни извештаи на македонски и англиски јазик.

И во отежнати услови за работа поради рестриктивни мерки здружението редовно обезбедуваше правна помош и советување за луѓето кои престојуваа во камповите. Соработката со Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи при пријавување на потешки повреди на човекови права на бегалци и/или мигранти резултираше со брза интервенција од страна на службите и похуман пристап кон оваа група на граѓани.

„На терен успеавме да обезбедиме заштита на правата на малолетник од Авганистан при физички напад од страна на полициски службеник во септември 2020 година во кампот Виноју̀г, Гевгелија. Ова е само еден пример за нашата работа во рамки на акцијата“, велат од ЛЕГИС.

Директно работејќи на оваа проблематика во период од шест месеци се подобрија условите и пристапот до човекови права и заштита за бегалци и мигранти во пограничните транзит центри, и се подигна јавната и институционалната свест за проблемите во пристапот до човекови права и заштита со кои се соочуваат бегалците и мигрантите во РСМ.

ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ НАДЕЖ

ОДЛУЧИ САМА-ТВОЈ ГЛАС, ТВОЕ ПРАВО!

1 март – 31 јули 2020 година

363.117 МКД

Обучени 10 лица од 8 НВО за промовирање на гласачките права на жените преку онлајн обука: „Промотори за независни гласачки права на жените“

Најмалку 220 лица - ранливи жени Ромки, како и членови на нивните семејства, беа зајакнати со знаење и вештини преку едукативно-информативни активности

20 кафе-сесии со вкупно 101 учесник

Видео кампања: изработени три видеа за информирање на јавноста за важноста на независните гласачки права на жените, прегледани вкупно 1.179 пати



Феноменот на семејно и групно гласање, се јавува многу често во голем број ромски заедници во Македонија, а особено влијае на жените Ромки. Семејното гласање не може секогаш да биде видливо на гласачките места. Ранливиот гласач лесно може да биде жртва на неправедно влијание извршено во домот, најчесто од главата на семејството. Ваквото однесување се случува кога жените Ромки не ги знаат своите основни права на гласање.

„Проектот „Одлучи сама – твој глас твое право!“ беше фокусиран на обезбедување информации и подигање на свеста кај ранливите жени Ромки за важноста на слободно и независно гласање како едно од најважните демократски права што го има еден граѓанин“, велат од Центар за социјални иницијативи Надеж.

Темата за промоција на независното гласачко право на жените беше актуелизирана преку едукативни активности во рамки на проектот. Граѓанските организации кои работат со ранливи категории беа обучени за промоција на важноста и значењето на слободното гласање. Десет претставници од осум невладини организации беа дел од дводневна онлајн обука за промовирање на гласачките права на жените. По завршување на обуката, учесниците имаа можност да бидат ангажирани како промотори во нивните заедници (Шуто Оризари, Топаана, Ѓорче Петров), преку организирање на кафе-сесии. Преку директна работа со жените Ромки и нивните семејства тие го пренесоа стекнатото знаење, подигнувајќи ја нивната свест на оваа тема. Беа организирани 20 кафе-сесии со вкупно 101 учесник. Беше спроведена и промотивна видео кампања на социјалната мрежа Фејсбук. Кампањата зборуваше за гласачките права на жените, а беше насочена кон ранливите категории на жени Ромки, но и поширокатa јавност.

„Со едукација на жените Ромки за нивното независно право на глас и зошто е тоа важно, успеавме да ја исполниме главната цел на акцијата. Преку проектот ја промовиравме и родовата еднаквост во изборниот процес како клучен елемент“, додаваат од Надеж.

НЕКСУС – ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ, СКОПЈЕ

15 ное. 2019 г. - 15 фев. 2020 г.

326.908 МКД

Актуелизација на прашањето поврзано со жените, мирот и безбедноста – улогата на жените во мировни и безбедносни процеси

Подготвена збирка на трудови на тема „Жените, мирот и безбедноста“, објавена на три јазици: македонски, албански и англиски јазик

170 учесници во живо и 2.245 учесници онлајн на дводневна конференција на тема „Улогата на жените во зачувувањето на мирот и безбедноста: Резолуција 1325 основа за акција“

Подготвени и објавени 9 кратки видеа со клучните излагања на панелистите на конференцијата

УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ ВО ЗАЧУВУВАЊЕ НА МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА: РЕЗОЛУЦИЈАТА 1325 – ОСНОВА ЗА АКЦИЈА

За време на завршната фаза од процесот за зачленување на Република Северна Македонија во НАТО алијансата од организацијата „Нексус – Граѓански концепт“ ја воочија потребата од актуелизација на прашањето за улогата на жените во мировните и безбедносните процеси.

Зголемување на нивото на дебата за мирот и безбедноста, со акцент за потребата од вклученост на жените како важен учесник во овие процеси, беше целта на проектот. Активностите придонесоа до поголемо и пошироко разбирање на вредностите на НАТО поврзани со жените, мирот и безбедноста, со имплементацијата на Резолуцијата 1325 преку Националниот акциски план (НАП) 2018-2022.

Вниманието на пошироката јавност кон оваа тема се привлече преку дводневна конференција „Улогата на жените во зачувувањето на мирот и безбедноста: Резолуција 1325 основа за акција“ на која учествуваа претставници од академската фела, невладиниот сектор од: Македонија, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово, како и високи претставници на релевантни државни институции. Своите ставови и искуства ги пренесоа Потпретседателката на Владата на РСМ и Министерка за одбрана, Радмила Шеќеринска, Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и Министерката за правда, Рената Дескоска, одговорни за спроведувањето на Резолуцијата 1325 преку НАП 2018-2022 и Генералната секретарка, специјална претставничка на НАТО за жени, мир и безбедност, Клер Хатчинсон.

„Има уште многу работа, а граѓанскиот сектор и надлежните институции, секој во својот домен, треба поактивно да се вклучат со работа на оваа тема за да можеме во иднина да се пофалиме дека во нашата држава, жените се значаен фактор во зачувувањето на мирот и безбедноста“, велат од „Нексус – Граѓански концепт“.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА „РОМАНО ЧАЧИПЕ“

1 дек. 2019 г. - 30 мај 2020 г.

318.550 МКД

30 учесници на три едукативни трибини за правата од социјална заштита, здравствените права и мерките и новините од АВРМ

Теренска анкета на 182 Роми кои се невработени, вработени, мигранти, припадници на бизнис заедницата и по едно лице од ЛЕР и АВРМ

Повеќе од 5 лица од заедницата искористија дел од мерките на АВРМ

Зголемени барања за помош при пополнување на детски и образовен додаток и додаток за друго лице

МОЈОТ ВИСТИНСКИ ДОМ СЕ ВИКА ШУТО ОРИЗАРИ

„Мојот вистински дом се вика Шуто Оризари“, проект кој ја раскажува борбата со миграцијата од оваа општина и факторите кои влијаат на неа. Недоволното познавање на правата за здравствена и социјална заштита, како и на можностите за вработување што ги нудат мерките на Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ), се сериозни фактори кои ја поттикнуваат миграцијата, потврдува спроведеното истражување од страна на здружението „Романо Чачипе“.

За да излезат во пресрет на потребата за едукација на ромската заедница во општина Шуто Оризари, „Романо Чачипе“ организираше три трибини. Преку нив, вкупно 30 претставници на заедницата се стекнаа со знаење за своите права, но и за мерките и новините од АВРМ.

„За прв пат на разбирлив и едноставен јазик им беа доближени законите на припадниците на ромската заедница. Исто така заедницата отворено зборуваше за проблемите кои ги мачат и кои влијаат да размислуваат за заминување надвор од својата држава“, велат од „Романо Чачипе“.

За дополнителна едукација изработени се и публикација и едукативен материјал/брошури кои се доставени до граѓаните во Шуто Оризари. Како резултат на напорите да се намали миграцијата, со овој проект, повеќе од пет лица од заедницата искористија дел од мерките на АВРМ, а зголемени се и барањата за помош при пополнување за детски и образовен додаток и грижа за друго лице. Активности кои зборуваат за зголемена свесност кај заедницата за важноста да ги познава и користи правата за социјална и здравствена заштита кога се во социјален ризик.

Во рамки на проектот беше зајакната и соработката со локалните и националните институции. „Со Одделение за локален економски развој во Општина Шуто Оризари обезбедивме поддршка за пишување бизнис планови и отварање социјални претприемништва. Од АВРМ ни овозможија лице кое директно е задолжено за нашата организација. А, со центарот на град Скопје воспоставивме партнерство за ефикасно добивање решение за остварување на социјални права“, додаваат од „Романо Чачипе“.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЕКОНОМИСТИ, СТАТИСТИЧАРИ И ЕКОНОМЕТРИЧАРИ СИГМА СТАТ СКОПЈЕ

ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ПАМЕТНИ ОДЛУКИ

1 јуни 2020 г. - 28 фев. 2021 г.

323.141 МКД

Зголемување на нивото на финансиска писменост кај населението во РСМ

Одржани четири едукативни предавања со вкупно 353 учесници

Изработка на три едукативни видеа и повеќе од 1.000 прегледи на YouTube

Изработен Поимник на финансиски термини со вкупно 120 финансиски термини



Медијација, декларација, грејс период, ликвидност, депозит, затезна камата, токен и меница. Кои од овие поими ви се познати и јасни? Здружението „Сигма стат“ работеше на тема финансиска писменост во нашата земја преку проектот „Финансиска едукација за паметни одлуки.

Во акцијата беше спроведена анкета на вкупно 450 испитаници која покажа дека во нашата земја нивото на финансиска писменост на населението е на релативно ниско ниво споредено со земјите од регионот, земјите од ЕУ, како и земјите од ОЕЦД. Заради тоа од здружението спроведоа повеќе активности за подигнување на нивото на финансиска писменост на граѓаните. Покрај тоа, активностите придонесоа и за подигнување на свеста за значајноста на финансиската едукација.

Сигма СТАТ воспостави соработка со Народна банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, а потпиша и Меморандум за соработка со Институт за култура и уметност „АрсАкта“ - Скопје.

Поради голем интерес за темата наместо предвидените три беа одржани четири едукативни предавања. „Со експерти од неколку финансиски области, разговаравме за прашања кои финансиските институции (банки, осигурителни компании, финансиски друштва и сл.) немаат интерес да ги посочат на своите клиенти. Со други зборови, опфатени беа аспекти со кои се зголемува заштитата на потрошувачите на финансиски производи и услуги“, посочуваат од Сигма СТАТ. Клучните поенти од овие предавања подоцна се претočени во три едукативни видеа иако беше предвидено само едно. Покрај тоа, изработен е и Поимник на финансиски термини, кој содржи вкупно 120 финансиски термини.

„Истражувањето остава простор за подлабока анализа, но добиените резултати се солидна основа за преземање конкретни чекори за подигнување на општото ниво на финансиска писменост на населението во земјата“, велат од Сигма СТАТ.

СЛОБОДЕН СОФТВЕР МАКЕДОНИЈА

ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНА ИДНИНА

1 јуни 2020 г. - 28 фев. 2021 г.

323.141 МКД

Обука за користење на пристапот на отворени податоци за граѓанскиот сектор на која учествуваа 20 претставници од граѓанските организации

Обука за визуелизација на податоци на која учествуваа пет претставници од граѓанските организации

Три индивидуални менторски сесии со претставници на две невладини организации

19 објави на Фејсбук (инфографици, вести, анкети, истражувања) со вкупно 3.116 импресии и 61.221 видување/ прикажување



„Отворени податоци за отворена иднина" проект насочен кон зголемување на разбирањето и употребата на отворени податоци од страна на граѓанските организации со фокус на грантистите на Цивика мобилитас. Здружението Слободен софтвер Македонија спроведе истражување за употребата на отворени податоци во нашата земја. Истражувањето претставува основа за подготовка на Прирачник за отворени податоци во граѓанскиот сектор кој беше испратен до невладините организации во земјата.

Во рамки на акцијата беа одржани две обуки за визуелизација и користење на пристапот на отворени податоци со вкупно 25 учесници, како и три индивидуални менторски сесии со претставници од невладиниот сектор. Преку спроведените активности граѓанските организации стекнаа основно знаење потребно за објавување и користење на отворени податоци.

„Главното постигнување е што невладиниот сектор во нашата земја доби лесен и разбирлив прирачник, а заинтересираните истражувачи се здобија со детална обука за користење на алатки за отворање на податоци", посочуваат од Слободен софтвер Македонија.

Реализирана беше и медиумска кампања која имаше за цел да ја подигне јавната свест за неопходноста од отворени податоци. На социјалната мрежа Фејсбук беа споделени 19 објави (инфографици, вести, анкети, истражувања) кои добија вкупно 3.116 импресии и 61.221 видување/ прикажување.

„Со овој пристап се работеше на зголемување на довербата на јавноста во граѓанските организации кои се претставија како поодговорни и потранспарентни. Се работеше и на односот со јавните институции кои со акцијата добија рамноправен партнер во спроведувањето на стратегијата на отворени податоци", велат од здружението.

ЗДРУЖЕНИЕ ЕКО ПРАВДА, ВАЛАНДОВО

КЛИМАТСКИ НАБЉУДУВАЧ - COP25 WATCH

15 ное. 2019 г. - 15 сеп. 2020 г.

301.812 МКД

Креирана веб страна за анализи на климатските промени

8 работилници за следење и придонес кон националните и локалните политики за климатски промени 62 обучени претставници на ГО

Брошура за методи и практики за следење и влијание на климатски политики

Воспоставена соработка со 15 ГО

Глобалните лидери, шефови на држави и граѓанското општество од целиот свет се собираат на Конференција на заинтересираните страни (Conference of the Parties - COP25) на Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени да дискутираат, да се организираат и да донесат планови за акција кои ќе бидат социјално-економски праведни и ќе можат итно да се спроведат.

Здружението „Еко правда“ со поддршка на Цивика мобилитас ја пренесува таа итност во земјава со надеж дека ќе инспирира акција од сите засегнати страни. „Со оглед на обемот на проблемот, секој игра важна улога во транзицијата кон иднината за достоинствен живот за сегашните и идните генерации, без разлика дали е индивидуа, мала организација или голема компанија“, велат од Еко правда.

Активистите на Здружението ја развија веб страната „Климатски набљудувач- COP25 Watch“, а потоа ја пополнија со анализи од преговорите на ОН во 2019 година. Тие споделуваа дневни анализи и активности за време на 25те климатски преговори на ОН. Дел од статиите кои ги објавија се однесуваат на глобалните состојби, но дел се осврнуваат и на состојбата во нашата земја. Такви се: Северна Македонија и климатските преговори; Промените кои климатската криза ги носи за Северна Македонија; Непријатната вистина за иднината на Северна Македонија со фосилниот гас.

За да го сподели знаењето и вештините со другите организации и така да ја зголеми критичната маса на организации кои активно ќе работат на прашањата на климатските промени, „Еко правда“ организираше осум работилници. Вкупно 62 учесници беа обучени да ги следат и да придонесуваат кон локалните и националните климатски политики но, да ги следат и оние на меѓународно ниво. Беше креирана брошура со методи и практики за следење и влијаење на климатски политики, достапна за бесплатно преземање: Алатки и практики за следење и влијаење на климатските политики на локално, национално и меѓународно ниво.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ „МРЕЖА СТЕЛА“

1 дек. 2019 г. - 31 окт. 2020 г.

275.403 МКД

Над 100 жени и девојки вклучени во едукативни и информативни активности

Одржани 3 работилници за над 50 жени и девојки

Одржани 3 информативни настани за над 30 жени и девојки

15 жени и девојки добија менторска поддршка

Бројот на менторки се зголеми за 23 и стигна до 92

ПОДДРШКА НА ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ДЕВОЈКИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ



Пазарот на трудот во Северна Македонија се карактеризира со висока невработеност и ниско учество на жените во формалната работна сила.

Жените сочинуваат 39,5% од пријавената работната сила, заработуваат 17,9% помалку од мажите на час и сочинуваат 64,2% од формално економски неактивното население во земјата. „Невидливоста“ на жените е најчесто резултат на нивната вклученост во неформални економски активности, посветување на семејни обврски, стереотипите за улогата на жената, но и слабостите на системот за поддршка. Здружението „Мрежа Стела“ се посвети на прашањето на застапеноста на жените на пазарот на труд и нивната видливост на неколку нивоа.

Со финансиска поддршка на Цивика мобилитас, членките на „Стела“ преку различни едукативни и информативни форми работеа со над 100 девојки и жени. Тие дознаа повеќе за некои клучни трендови во индустриите и пазарот на труд.

Над 50 жени беа дел од трите работилници и тоа: за дигитален маркетинг, за кариерно советување за градење моден бренд и одржливост во текстилната индустрија. Работилниците им овозможија да соберат и разменат искуства и да дискутираат за подолготрајна соработка помеѓу жените во конкретните индустрии. Три информативни настани беа направени во соработка со Министерството за труд и социјална политика на кои, над 30 учеснички дознаа за активните мерки за економско јакнење на девојките и жените и слушнаа и за искуствата на осум претпримачки. Мрежата им обезбеди менторство на 15 девојки и жени. Бројот на менторки се зголеми за 22 и на крајот од проектот броеше 92 менторки.

„Кризата предизвикана од Ковид-19 не нé спречи ниту нас ниту нашите учеснички да стигнеме до посакуваната цел, да ги поврземе заинтересираните девојки и жени со претприемачки и менторки кои им овозможија да научат повеќе како економски да зајакнат“, велат од „Мрежа Стела“.

ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИВНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ НОВ КОНТАКТ, СКОПЈЕ

ИНФО МИГРАНТ 2020

01 август 2020 г. - 31 јануари 2021 г.

330.000 МКД

Воспоставен инфо центар со дежурен телефон

Спроведени 2 обуки за управување со веб страна и добро управување на ГО

Обучени 20 членови на организацијата

Подготвено упатство за администрирање на веб страна

Организирана една јавна дебата за 46 учесници

Глобалната пандемија предизвикана од Ковид-19 ја наметна потребата од достапни и брзи информации, логистичка поддршка и безбеден транспорт на граѓаните кои во услови на светска здравствена криза се најдоа надвор од земјата или имаа неодложна потреба да патуваат во странство.

Здружението НОВ КОНТАКТ, со проектот поддржан од Цивика мобилитас реши да го обезбеди поврзувањето на тие граѓани со надлежните институции во Македонија и на тој начин да излезе во пресрет на нивите потреби.

Еден од каналите на комуникација беше веб страната на организацијата и профилот на Фејсбук. Информациите што се објавуваа беа на македонски, албански и англиски јазик, а 10 членови беа вклучени во обуката за управување со веб страната. Покрај тоа, беше подготвено и Упатство за администрирање, што овозможува да се реплицира подобрувањето на вештините и на другите членови на организацијата.

НОВ КОНТАКТ организираше инфо центар кој обезбеди контакт со граѓаните 24 часа, седум дена во неделата. На дежурниот телефон 075/447 777 тие споделуваа информации со сите кои имаа потреба од тоа.

Дел од активностите на организацијата беа наменети за обнова на мрежата за миграции. Првичните активности беа фокусирани на обнова и поврзување, на размена на идеи и зајакнување на активностите со сродни организации. Заради зајакнување на организацијата, 10 членови добија и обука за добро управување и раководење. На овој начин се градат вештини и знаења за транспарентно и отчетно работење, за воспоставување на структури и процедури кои ќе одговорат на новото време.

Проектот заврши со јавна трибина на која 46 учесници, претставници на институции, граѓански организации и граѓани дискутираа за информирањето при мобилност. НОВ КОНТАКТ продолжува да ги отвора прашањата поврзани со миграциите во време на криза и надвор од неа, затоа што се особено важни не само од безбедносен туку и од развоен аспект.

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗИ НОВУС, СТРУМИЦА

ВОЛОНТЕРСТВОТО – НАДЕЖ ЗА ИДНИНАТА!

15 ное. 2019 г. - 31 окт. 2020 г.

316.600 МКД

Над 100 млади луѓе вклучени во проектните активности

Воспоставена соработка со три средни училишта и 10 ГО

Дистрибуирани 750 флаери и 50 постери

15 млади се вклучиле во работата на ГО

Организирани 3 обуки, 3 работилници и 3 акции/ кампањи

Волонтерството е практика на луѓето да работат за доброто на другите без очекувања за финансиска или материјална добивка. Меѓутоа, членовите на „Новус“ од Струмица, констатирале дека таквата практика е се поретка кај младите. Последиците од тоа се неактивни млади луѓе кои не се ни обидуваат да направат промени во општеството. Ова бил главниот поттик за организацијата да дизајнира активности преку кои ќе ги поттикне младите луѓе да станат поактивни, не само да размислуваат за проблемите во заедницата туку и да учествуваат во нивното решавање.

„Успеавме преку соработка со образовните институции и граѓанските организации директно да влијаеме и да вклучиме повеќе од 100 млади луѓе во проектните активности. Поинтензивно се работеше со триесетина од нив. Ги обучивме и директно ги вклучивме во планирањето и спроведувањето на волонтерските акции. Дел од нив станаа активни членови на граѓански организации“, велат од „Новус“.

Организацијата воспостави соработка со три средни училишта и со 10 граѓански организации. На посебна фокус група беа дефинирани начините за промоција на волонтерството. За вкупно 76 млади беа организирани три обуки за волонтерство. На три работилници, 20 млади стекнаа вештини за планирање и спроведување на волонтерска акција или кампања. Од нив, беа формирани три волонтерски тимови кои работеа на тоа како да идентификуваат и работат на одреден проблем или недостаток. Резултат од тоа беа три спроведени волонтерски акции, кампањи и тоа: „Паркирај совесно“, „Стоп за дискриминација“ и „Здравјето пред се“. За сите акции, новите волонтери дизајнираа флаери и постери, ги дистрибуираа и разговараа со граѓаните за да им укажат на важноста за промена на несоодветното однесување.

„Резултатот е одличен, младите почнаа да се активираат, а „Новус“, другите организации и училиштата се подготвени промовирањето на волонтерството да го прават континуирано“, велат од организацијата.

„ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ“

ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ НЕДВИЖЕН ИМОТ

1 авг. 2020 г. - 31 јан. 2021 г.

264.009 МКД

Предлогот на здружението за Регистар на државен имот стана дел од владините приоритети

Создадена база на податоци за државни објекти

2 работилници за истражување и анализа на податоци собрани од терен

35 јавни службеници со подобрени вештини за истражување и анализа

Над 10 објави на нови медиуми и интернет портали

Државата располага со голем недвижен имот, но, за жал, добар дел од објектите не се евидентирани. Притоа, не станува збор само за напуштените објекти за кои никој не води грижа и кои секојдневно пропаѓаат, неевидентирани се, односно без имотни листови или без запишани кориснички права се и голем број објекти кои активно се користат од државните органи. За некои од нив, постапките за легализација траат и повеќе од 10 години, па легитимно е прашањето на граѓаните, ако државата не може да си го среди својот имот, како и кога тие ќе дојдат на ред. Имајќи го ова предвид, членовите на здружението „Праведни и професионални“ решија да направат сеопфатна проверка и да помогнат во градењето реална слика за тоа колкав е недвижниот имот на државата, како законски да се евидентира и понатаму добро да се управува со него.

Со поддршка на Цивика мобилитас, тие собраа податоци од 12 министерства за сите нивни недвижности, во сите градови, воспоставија соработка со десетици државни органи кои имаат над 25 подрачни одделенија низ државата и составија база на податоци за голем број празни и неискористени деловни објекти кои се во лоша состојба. Податоците ги собираа преку слободен пристап до информации од јавен карактер и на терен.

Оваа опсежна акција резултираше со многу корисни информации, кои здружението ги отстапи на Генералниот секретаријат на Владата. „Нашето најголемо постигнување е тоа што успевме да издејствуваме влез на креирањето на единствениот регистар на недвижности во државна сопственост во приоритетите на Владата наречени ‘Акција 21-Европски стандарди дома’“, велат од здружението. Тие се задоволни затоа што ги натерале државните органи да започнат со средување на интерната евиденција за недвижностите со кои располагаат. „Државата ја сфати неопходноста од воведување Регистар на државни недвижности. Во пилот фазата ќе влезат 600 државни институции кои е добијат единствен идентификациски број“, вела од „Праведни и професионални“.

РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ - КРАТОВО

ЕФЕКТИВНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА – ИНТЕРЕС НА ГРАЃАНИТЕ

5 авг. 2020 г. - 5 фев. 2021 г.

329.996 МКД

Спроведена анкета во 4 општини на 152 испитаници

1 јавна дебата за улогата на општинските советници за 16 учесници

1 работилница за општинските советници како лидери за 18 учесници

Издадени 5 броја на регионалниот билтен во 1000 примероци

Секој граѓанин посакува ефикасни институции. Покрај тоа, тие треба да бидат отворени и отчетни за своето работење, што не е секогаш случај. Водени од недостатокот на транспарентност во општините од Североисточниот плански регион, особено кога е во прашање реализацијата на буџетот, Регионалниот центар за одржлив развој (РЦОР) решил да ги повика на одговорност и да ги отвори прашањата на учество на граѓаните во носењето на одлуките на локално ниво.

Со проектот поддржан од Цивика мобилитас, Центарот спроведе анкета во општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Старо Нагоричане во која вклучи 152 испитаници и тоа: граѓани, претставници на граѓански организации и бизнис секторот. Во анкетата беа вклучени прашања за функционирањето на општините, улогата и надлежностите на советите, прашања за граѓанските иницијативи и приоритетните проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Претставници на граѓански организации, ја следеа работата на советите на општините со фокус на дискусиите за иницијативите поднесени од граѓаните. Ова им помогна да ги видат проекциите за акциските планови на општината и стратешките приоритети.

Вкупно 16 претставници на граѓански организации, на бизнис секторот, советници и граѓани учествуваа на јавната дебата „Колку мојот советник ги застапува моите права“. Зборуваа за проблемите на граѓаните, можностите за надминување и за поголемата иницијативност во покренувањето на прашањата и вклучувањето во одлучувањето. За улогата на советниците повеќе се дискутираше за време на работилницата „Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики“ на која имаше 18 учесници.

„Граѓаните и локалните власти подобро се запознаа, граѓаните научија повеќе за тоа како функционираат органите на локалната самоуправа, а властите добија повеќе информации за проблемите со кои секојдневно се соочуваат граѓаните. Ќе продолжиме да ги информираме и едните и другите и да правиме притисок за поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките“, велат од Центарот.

CIVICA
MOBILITAS